# *П О Л И Т И К А*
# *ЗА*
# *ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ И ПОДАТОЦИ НА БАНКАТА*

| Разработил: | Проверил: | Утврдил: |
|---|---|---|
| Должност: | Должност:УО | Должност:НО |
| Име и презиме:<br>Робертино Николоски<br><br>Катица Кузмановска<br><br>Здравко Здравески<br><br>Ирена Ристеска<br><br>Моника Трпевска<br><br>Надица Миновска<br><br>Коста Ивановски<br><br>Ѕвонко Становски | Милка Тодорова<br><br>Делчо Крастев<br><br>Орлин Георгиев Ваташки | |
| Дата: | Дата: | Дата: |

# 1 ПРЕДМЕТ

Со оваа Политика се утврдуваат видовите податоци и извештаи кои Банката е должна да ги објави, како и начинот, формата, роковите и фреквенцијата на нивното објавување, воспоставување на интерни процеси, системи и контроли за начинот на проверка на точноста на објавените извештаи и податоци и нивната усогласеност со Одлуката за објавување извештаи и податоци од страна на банките (во понатамошен текст Одлуката).

Податоците кои Банката ги објавува, се точни и навремени и истите претставуваат основа за донесување соодветни економски одлуки од страна на корисниците (јавноста).
Банката именува лица со посебни права и одговорности коишто се надлежни да ја потврдат со изјава усогласеноста на објавените извештаи и податоци со барањата на Одлуката и со оваа Политика, при што едно лице е член на Управниот одбор на Банката.

# 2 ДЕФИНИЦИИ

Одделни изрази употребени во оваа Политика го имаат следново значење:

2.1 Под **„Извештаи и податоци“** се подразбираат извештаи, податоци, показатели и други информации за банката и за одредени аспекти од нејзиното работење и управување, коишто банката е должна да ги објавува во согласност со одлуката;
2.2. Под „**Материјални податоци**“ се подразбираат податоците чиешто изоставување или погрешно прикажување може да ги промени или може да влијае врз проценатa или донесувањето соодветни економски одлуки од страна на корисниците на тие информации (јавноста);
2.3. Под „**Сопствени податоци**“ се подразбираат податоците чиешто објавување би можело да предизвика влошување на конкурентската позиција на банката на пазарот. Сопствените податоци може да се однесуваат на податоци и информации за одредени производи или системи на банката чиешто споделување со конкурентите на банката може да ја намали вредноста на нејзината инвестиција во тие производи или системи;
2.4. Под „**Доверливи податоци**“ се подразбираат податоците стекнати при вршењето банкарски и други финансиски активности и трансакции за поединечни клиенти на банката.

# 3 ВИДОВИ ПОДАТОЦИ И ИЗВЕШТАИ КОИ БАНКАТА ГИ ОБЈАВУВА

Банката ги објавува следните видови на податоци и извештаи:

- основни податоци за Банката и нејзината акционерска структура;
- најзначајните показатели;
- податоци и информациите за управувањето со ризиците и корпоративното управување;
- податоците и информациите за сопствените средства, активата пондерирана според ризиците и интерниот капитал;
- податоците и информациите за заштитните слоеви на капиталот;
- податоците и информациите за изложеноста на банката на одделни ризици;

- податоците и информациите за ликвидносните барања;
- податоците и информациите за стапката на задолженост и
- податоците и информациите за финансиските иновации.

Согласно Одлуката за објавување извештаи и податоци од страна на банките, Банката податоците и извештаите ги објавува на својата интернет страна www.unibank.mk.

## *3.1 ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА БАНКАТА И НЕЈЗИНАТА АКЦИОНЕРСКА СТРУКТУРА*

### 3.1.1 Банката ги објавува следните основни податоци:

- називот, седиштето, даночниот број и единствениот матичен број;
- шематски приказ на организациската структура и податок за бројот на вработените;
- преглед на финансиските активности кои може да ги врши, согласно со дозволата за основање и работење издадена од Народната Банка на Република Северна Македонија, како и преглед на финансиските активности коишто во моментот ги врши банката;
- Тарифата за надоместоците што ги наплаќа банката за своите производи и услуги, поделени според видот на производот или услугата и/или според видот на клиентот (физички и правни лица).

### 3.1.2 Банката ги објавува следните податоци за акционерската структура:

- за правни лица коишто имаат квалификувано учество во банката- називот, седиштето, правната форма, претежната дејност и процентот на учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во Банката;
- за физички лица коишто имаат квалификувано учество во банката - името и презимето, процентот на учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во Банката;
- За акционерите кои немаат квалификувано учество во Банката се објавува нивниот вкупен број и нивното вкупно учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во Банката.

## 3.2 НАЈЗНАЧАЈНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Банката е должна да ги објавува следниве најзначајни показатели:

- Структурата на сопствените средства и на капиталот потребен за покривање на ризиците, утврдени во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот;
- Вкупниот износ на активата пондерирана според ризиците утврден во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот;
- Стапката на адекватност на капиталот;
- Стапката на редовен основен капитал, стапката на основен капитал и/или стапката на адекватноста на капиталот пропишани од Народната банка, во согласност со Законот за банките, доколку се пропишани вакви стапки;

- Стапката на нефункционални кредити;
- Стапката на поврат на активата;
- Стапката на поврат на капиталот и резервите;
- Вкупната стапка на заштитни слоеви на капиталот којашто банката е должна да ја одржува во согласност со Законот за банките;
- Стапката на задолженост и износот на изложеност, утврдени во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата на утврдување на стапката на задолженост;
- Стапката на покриеност со ликвидност, утврдена во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со ликвидносниот ризик, при што се објавуваат податоците од точката 29 потточка 29.3 од Одлуката.

### *3.3 УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ И КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ*

3.3.1 Банката е должна да ги објавува следниве податоци и информации коишто се однесуваат на системот за управување со ризиците:

- Краток опис на системот за управување со ризиците;
- Податоци за функцијата за управување со ризиците и нејзината организациска поставеност;
- Опис на политиките за користење инструменти за заштита и за намалување на ризиците, како и на процедурите за следење на нивната ефикасност;
- Краток опис на документот за прифатливото ниво на ризик донесен од страна на Надзорниот одбор на Банката при што се наведуваат главните показатели коишто се користат при управувањето со ризиците, вклучувајќи го и начинот на кој профилот на ризичност на банката се зема предвид при утврдувањето на прифатливо ниво на ризик;
- Информации за трансакциите во рамките на групата, доколку банката е членка на банкарска група или банкарска група во странство и за трансакциите со лица поврзани со банката коишто можат да имаат значително влијание врз профилот на ризичност на банката, односно на банкарската група или банкарска група во странство.

3.3.2 Банката е должна да ги објавува следниве податоци и информации коишто се однесуваат на корпоративното управување во банката:

- Информации и податоци за составот, надлежностите и функционирањето на надзорниот одбор и управниот одбор на банката;
- Број на членства на секој член на управниот одбор и на секој член на надзорниот одбор на банката во органи на управување и надзор на небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции, во органи на непрофитни организации и во органи на трговски друштва коишто ѝ припаѓаат на иста банкарска група или на банкарска група во странство;
- Опис на делот од Политиката за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на надзорниот одбор, одборот за управување со ризиците, одборот за ревизија и управниот одбор којшто се однесува на постапката на избор, следење и разрешување на членовите на управниот и надзорниот одбор;
- Начин на кој банката обезбедува или има намера да обезбеди соодветна структура на управниот и надзорниот одбор од аспект на нивните знаења, искуства, родова застапеност, возраст и слично;

- Информации за составот на одборот за управување со ризиците во банката и за бројот на состаноци одржани во периодот на кој се однесува објавувањето;
- Опис на начинот на кој се обезбедува информирање на управниот и надзорниот одбор за системот за управување со ризици;
- Информација за составот на одборот за наградување (доколку е формиран ваков одбор во банката) и за бројот на состаноци одржани во периодот на кој се однесува објавувањето;
- Опис на најзначајните карактеристики на системот на наградување воспоставен во банката и информација за начинот на поврзување на висината на варијабилниот дел од надоместокот со успешноста во работењето на лицата со посебни права и одговорности;
- Соодност на фиксниот и варијабилниот дел од вкупниот надоместок;
- Основни критериуми за наградување, вклучително и критериуми врз основа на кои е определен делот од надоместокот што се исплаќа во форма на акции, други права коишто даваат можност за стекнување акции или за определување на варијабилниот дел од надоместокот;
- Износ на вкупниот надоместок исплатен во текот на годината по одделни групи (на пр. членови на надзорниот одбор, членови на управниот одбор, останати лица со посебни права и одговорности, останати вработени во банката и слично), при што посебно се прикажуваат фиксниот и варијабилниот дел од исплатениот надоместок и бројот на лицата во одделната група;
- Структура на вкупниот надоместок според висината и бројот на лица на кои им е исплатена соодветната висина на вкупниот надоместок во текот на годината;
- Вкупен износ на надоместокот за секој од членовите на надзорниот одбор и на управниот одбор, во согласност со закон;
- Други податоци коишто банката е должна да ги објави, во согласност со закон.

## 3.4 СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА, АКТИВА ПОНДЕРИРАНА СПОРЕД РИЗИЦИТЕ И ИНТЕРЕН КАПИТАЛ

3.4.1 Извештаи и податоци коишто се однесуваат на сопствени средства, утврдени во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот како:

- Структура на сопствените средства (редовен основен капитал, додатен основен капитал, дополнителен капитал, регулаторни усогласувања и одбитни ставки);
- Податоци за издадените капитални инструменти коишто се дел од редовниот основен капитал, додатниот основен капитал и дополнителниот капитал на банката и на другите позиции коишто се вклучуваат во пресметката на сопствените средства;
- Податоци за природата и износот на регулаторните усогласувања, одбитните ставки од редовниот основен капитал, додатниот основен капитал и дополнителниот капитал на банката, вклучително и на позициите коишто не се вклучени во одбитните ставки, во согласност со исклучоците предвидени во регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот;

- Податоци за ограничувањата коишто се применуваат при утврдувањето на сопствените средства, како и капиталните инструменти, регулаторните усогласувања и одбитните ставки на кои се однесуваат овие ограничувања, во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот.

3.4.2 Извештаи и податоци за активата пондерирана според ризиците:

- Структура на активата пондерирана според ризиците, прикажана според одделните ризици и износ на капиталот потребен за покривање на соодветниот ризик, утврдени во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот;
- Износ на инструментите коишто во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот не се вклучуваат во одбитните ставки од сопствените средства, односно се вклучуваат во утврдувањето на активата пондерирана според ризиците.

3.4.3 Податоци и информации за процесот на утврдување на интерниот капитал:

- Краток опис на процесот на утврдување на интерниот капитал;
- Краток опис на начинот на кој банката ги идентификува материјалните ризици и на пристапите коишто ги користи за нивно мерење или оцена. Доколку Банката при утврдувањето на интерниот капитал користи различни пристапи за мерење на ризиците од пристапите коишто ги користи за утврдувањето на адекватноста на капиталот, во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, треба да објави податоци и информации за тие пристапи. Банката објавува податоци и информации и за другите ризици вклучени во утврдувањето на интерниот капитал коишто не се опфатени со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот;
- Краток опис на стрес-тестирањето коешто го врши Банката за потребите на процесот на утврдување на интерниот капитал;
- Износ на вкупниот интерен капитал на банката.

## 3.5 ЗАШТИТНИ СЛОЕВИ НА КАПИТАЛОТ

3.5.1 Банката е должна да ја објавува висината на стапките на заштитните слоеви на капиталот коишто е должна да ги одржува, и тоа:

- стапката на заштитниот слој за зачувување на капиталот;
- стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот;
- стапката на заштитниот слој на капиталот за системски значајни банки и
- стапката на системскиот заштитен слој на капиталот.

3.5.2 Банката е должна да ги објавува следниве податоци коишто се однесуваат на противцикличниот заштитен слој на капиталот:

- Географската распределба на износот на капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик на банката по одделни земји, вклучувајќи ја и Република Северна Македонија, којшто претставува основа за утврдување на противцикличниот заштитен слој на капиталот;

-Висината на специфичната стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот на банката и износот на противцикличниот заштитен слој на капиталот којшто банката треба да го постигне и одржува.

**3.6 Објавување на податоци и информации кои се однесуваат на изложеноста на одделни ризици**

3.6.1 Податоци и информации коишто се однесуваат на изложеноста на кредитен ризик:

- Квалитативни информации за управувањето со кредитниот ризик, при што се наведуваат податоци најмалку за

- политиката за управување со кредитниот ризик,
- организациската поставеност на управувањето со кредитниот ризик,
- начинот на дефинирање на достасаните и нефункционалните кредитни изложености,
- начинот на дефинирање на реструктурираните кредитни изложености,
- описот на начинот на утврдување на исправката на вредноста и на посебната резерва, со посебно наведување на основните елементи на моделот што го користи банката за утврдување на очекуваната кредитна загуба на групна основа, доколку банката користи таков модел, во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик;

- Износот и квалитетот на редовните и нефункционалните кредитни изложености распределени според категоријата на ризик, утврдена во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик, вклучувајќи и податоци за акумулираната амортизација и исправката на вредноста / посебната резерва;

- Износот и квалитетот на реструктурираните кредитни изложености утврдени во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик, вклучувајќи и податоци за исправката на вредноста / посебната резерва и износот на обезбедувањето;

- Структура на кредитните изложености според деновите на доцнење;

- Структура на редовните и нефункционалните кредитни изложености според дејности, сектори и по земји, вклучувајќи и податоци за износот на исправката на вредноста и посебната резерва, за вкупниот извршен отпис на тие изложености, како и за износот на обезбедувањето;

- Промените во износот на нефункционалните кредитни изложености, при што се наведуваат податоци најмалку за:

- почетната и крајната состојба на нефункционалните кредитни изложености, за периодот на кој се однесува објавувањето,
- износот на нефункционалните кредитни изложености коишто во периодот на кој се однесува објавувањето биле исклучени од оваа категорија, а не се отпишани или продадени,

- износот на нефункционалните кредитни изложености коишто во периодот на кој се однесува објавувањето биле отпишани,
- износот на нефункционалните кредитни изложености коишто во периодот на кој се однесува објавувањето биле продадени.

-Структура на кредитите и должничките хартии од вредност според нивната преостаната договорна рочност;

-Податоци за средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања.

3.6.2 Банката е должна за секоја категорија на изложеност, во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, да ги објави следниве податоци и информации:

- Назив на избраната надворешна институција за кредитен рејтинг (во понатамошниот текст: избрана ИКР) или на признатата агенција за кредитирање на извозот (во понатамошниот текст: призната АКИ), дефинирани во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, како и информации за причините за промена на овие институции во периодот на кој се однесува објавувањето, доколку имало вакви промени;
- Категориите на изложеност за кои се користат кредитните рејтинзи на секоја од избраните ИКР или за кои се користат кредитните оцени на секоја од признатите АКИ;
- Опис на распоредувањето на кредитните рејтинзи утврдени од избраната ИКР и на кредитните оцени утврдени од признатата АКИ според степените на кредитен квалитет. Банката не е должна да го објавува овој податок, доколку распоредувањето на побараните кредитни рејтинзи е во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот;
- Износ на секоја категорија изложеност, имајќи го предвид применетиот пондер на ризичност.

3.6.3 Доколку банката при утврдувањето на активата пондерирана според кредитниот ризик применува инструменти за кредитна заштита, должна е да ги објави и следниве податоци и информации:

-Опис на основните елементи на политиките и процесите на банката за билансното нетирање, како и објаснување на обемот на користење на билансното нетирање од страна на банката;

-Опис на основните елементи на политиките и процесите на банката за вреднување и управување на прифатливото обезбедување;

-Опис на видовите обезбедување коишто ги прифаќа банката како инструменти за кредитна заштита;

-Опис на давателите на гаранции за изложеностите кај кои се користат гаранции како инструменти за кредитна заштита, како и категоријата на изложеност на која ѝ припаѓаат поради што може да се примени понизок пондер на ризичност;

-Опис на нивото на концентрација на пазарниот или кредитниот ризик поврзани со обезбедувањето коешто го користи банката како инструмент за кредитна заштита;

-Вкупниот износ на изложеност којашто е покриена со инструменти за кредитна заштита и којашто не е покриена со инструменти за кредитна заштита, при што овие податоци се наведуваат посебно за кредитите, должничките хартии од вредност и за нефункционалните кредитни изложености;

-Останати податоци за кредитниот ризик.

3.6.4 Ризик од другата договорна страна

Банката е должна да ги објавува следниве податоци за изложеноста на ризикот од другата договорна страна

- Квалитативни информации за управувањето со ризикот од другата договорна страна, при што се наведуваат податоци најмалку за политиката за управување со ризикот од другата договорна страна, методот што го користи банката за утврдување на капиталот потребен за покривање на ризикот од другата договорна страна и слично
- Информации за:
  - вкупниот износ на капиталот потребен за покривање на ризикот од другата договорна страна,
  - вкупниот износ на изложеноста на ризикот од другата договорна страна со примена на методот на оригинална изложеност,
  - вкупниот износ на изложеноста на ризикот од другата договорна страна со примена на методот на пазарна вредност,
- Опис на интерните лимити за ограничување на изложеноста на ризикот од другата договорна страна и начинот на кој се определува нивната висина;
- Останати податоци за ризикот од другата договорна страна.

3.6.5 Пазарен ризик

Банката е должна да ги објавува следниве податоци за изложеноста на пазарните ризици:

- Квалитативни информации за управувањето со пазарните ризици, при што се наведуваат податоци најмалку за политиките за управување со пазарните ризици, пристапот, односно методологијата за утврдување на капиталот потребен за покривање на пазарните ризици и слично;

- Износ на капиталот потребен за покривање на пазарните ризици, утврден во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, и тоа со поединечно наведување на износот на капиталот потребен за покривање на:

- позицискиот ризик, со наведување на износите на капиталот потребен за покривање на специфичниот ризик од вложувања во должнички инструменти, капиталот потребен за покривање на генералниот ризик од вложувања во должнички инструменти, капиталот потребен за покривање на специфичниот ризик од вложувања во сопственички инструменти и капиталот потребен за покривање на генералниот ризик од вложувања во сопственички инструменти,
- надминувањето на лимитите на изложеност,
- пазарните ризици од позиции во опции,

- Останати податоци за пазарните ризици.

3.6.6 Оперативен ризик

Банката е должна да ги објавува следниве податоци за изложеноста на оперативниот ризик

- Квалитативни информации за управувањето со оперативниот ризик, при што се наведуваат податоци најмалку за политиката за управување со оперативниот ризик, пристапот што го користи банката за утврдување на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик и слично;
- Износот на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик и износот на базичниот индикатор;
- Останати податоци за оперативниот ризик.

3.6.7 Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности

Банката е должна да ги објавува следниве податоци и информации за изложеноста на ризикот од промената на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности:

- Квалитативни информации за управувањето со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности, при што се наведуваат податоци најмалку за политиката за управување со овој ризик, пристапот кој се користи за утврдување на промената на економската вредност на портфолиото на банкарски активности и слично;
- Износот на вкупната пондерирана вредност, односно износот на промената на економската вредност на портфолиото на банкарски активности, утврден во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности;
- Останати податоци за ризикот од промената на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности.

3.6.8 Ризици поврзани со климатските промени и еколошки, социјални и управувачки ризици (ризици од ЕСГ)

Банката е должна да објавува податоци и информации за изложеноста на ризиците поврзани со климатските промени коишто вклучуваат податоци и информации за активностите за начинот на кој банката го има предвид влијанието на овие ризици врз управувањето со останатите ризици, за учеството на зелените кредити во вкупното кредитно портфолио на банката, како и податоци и информации за ризикот од загуби на банката коишто можат да настанат како резултат на тековните или идните влијанија на еколошките, социјалните и управувачките фактори врз нејзините клиенти или нејзините вложувања.

## 3. 7 ЛИКВИДНОСНИ БАРАЊА

Банката е должна да ги објавува следниве податоци и информации за изложеноста на ликвидносниот ризик:

- Квалитативни информации за управувањето со ликвидносниот ризик, коишто вклучуваат најмалку политика за управување со ликвидносниот ризик, стратегии и процеси во управувањето со ликвидносниот ризик, опис на структурата и организацијата на функцијата за управување со ликвидносниот ризик, опис на планот за управување со ликвидносниот ризик во вонредни услови и слично;
- Квалитативни информации поврзани со пресметката на стапката на покриеност со ликвидност;

- Висината на стапката на покриеност со ликвидност, утврдена во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со ликвидносниот ризик, пресметана како:
  - просек на состојба на крајот на месецот на стапката на покриеност со ликвидност за претходните дванаесет месеци, за секој квартал во периодот за кој се објавува овој податок,
  - просек на состојбата на крајот на месецот на износот на висококвалитетната ликвидна актива по примената на соодветните ограничувања и приспособувања, за претходните дванаесет месеци, за секој квартал во периодот за кој се објавува овој податок,
  - просек на состојба на крајот на месецот на паричните одливи, паричните приливи и нето паричниот одлив, за претходните дванаесет месеци, за секој квартал во периодот за кој се објавува овој податок.

Вкупниот износ на расположливите неоптоварени средства и на оптоварените средства, прикажани според типот на производот и според секторот на кој му припаѓа договорната страна. При објавувањето на овие податоци не се прикажува износот на ликвидносната поддршка од централната банка.

## 3.8 СТАПКА НА ЗАДОЛЖЕНОСТ

Банката е должна да ги објавува следниве податоци и информации коишто се однесуваат на стапката на задолженост:

- Квалитативни информации за стапката на задолженост коишто вклучуваат најмалку опис на процесот на управување со ризикот од задолженост, објаснување на факторите коишто имале влијание врз нивото на стапката на задолженост и слично;
- Вредноста на капиталот, како и вредноста и структурата на изложеноста коишто се земаат предвид при утврдувањето на стапката на задолженост, во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на стапката на задолженост.

## 3.9 ФИНАНСИСКИ ИНОВАЦИИ

Банката е должна да објавува опис на новите иновативни производи и услуги коишто ги нуди.

# 4. НАЧИН, ФОРМА И РОКОВИ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

4.1 Банката, податоците и извештаите ги објавува на македонски јазик, во извештајна форма на интернет страната www.unibank.mk, во посебно назначен дел за објавување податоци, којшто е лесно достапен и во кој се објавени сите извештаи и податоци пропишани со Одлуката.

Народната банка со упатство ги пропишува обрасците на извештаите и податоците од одлуката коишто Банката е должна да ги објавува.

Банката го објавува и датумот на поставување и објавување на податоците на интернет страната. Во случај на коригирање на објавените податоци Банката го објавува и датумот на извршените корекции.
Банката е должна да ги објавува извештаите и податоците, најмалку на годишна основа, со исклучок на податоците од точка 3.2, кои се објавуваат на полугодишна основа.

Банката ги објавува податоците на годишна основа со состојба на 31 декември најдоцна до 31 мај следната година.
Банката ги објавува податоците на полугодишна основа со состојба на 30 јуни најдоцна до 31 јули во тековната година.

4.2 Банката којашто е идентификувана како системски значајна банка, во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за идентификување системски значајни банки, е должна на полугодишна основа да ги објавува следните извештаите и податоците:

- Структура на сопствените средства (редовен основен капитал, додатен основен капитал, дополнителен капитал, регулаторни усогласувања и одбитни ставки);
- Износот и квалитетот на редовните и нефункционалните кредитни изложености распределени според категоријата на ризик, утврдена во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик, вклучувајќи и податоци за акумулираната амортизација и исправката на вредноста / посебната резерва;
- Структура на редовните и нефункционалните кредитни изложености според дејности, сектори и по земји, вклучувајќи и податоци за износот на исправката на вредноста и посебната резерва, за вкупниот извршен отпис на тие изложености, како и за износот на обезбедувањето;
- Промените во износот на нефункционалните кредитни изложености, при што се наведуваат податоци најмалку за:
    - почетната и крајната состојба на нефункционалните кредитни изложености, за периодот на кој се однесува објавувањето,
    - износот на нефункционалните кредитни изложености коишто во периодот на кој се однесува објавувањето биле исклучени од оваа категорија, а не се отпишани или продадени,
    - износот на нефункционалните кредитни изложености коишто во периодот на кој се однесува објавувањето биле отпишани,
    - износот на нефункционалните кредитни изложености коишто во периодот на кој се однесува објавувањето биле продадени.
- Износ на секоја категорија изложеност, имајќи го предвид применетиот пондер на ризичност;
- Вкупниот износ на изложеност којашто е покриена со инструменти за кредитна заштита и којашто не е покриена со инструменти за кредитна заштита, при што овие податоци се наведуваат посебно за кредитите, должничките хартии од вредност и за нефункционалните кредитни изложености;
- Износ на капиталот потребен за покривање на пазарните ризици, утврден во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, и тоа со поединечно наведување на износот на капиталот потребен за покривање на:

- позицискиот ризик, со наведување на износите на капиталот потребен за покривање на специфичниот ризик од вложувања водолжнички инструменти, капиталот потребен за покривање на генералниот ризик од вложувања во должнички инструменти, капиталот потребен за покривање на специфичниот ризик од вложувања во сопственички инструменти и капиталот потребен за покривање на генералниот ризик од вложувања во сопственички инструменти,
- надминувањето на лимитите на изложеност, - пазарните ризици од позиции во опции;

- Износот на вкупната пондерирана вредност, односно износот на промената на економската вредност на портфолиото на банкарски активности, утврден во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности и
- Вредноста на капиталот, како и вредноста и структурата на изложеноста коишто се земаат предвид при утврдувањето на стапката на задолженост, во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на стапката на задолженост.

На квартална основа да ги објавува најзначајните показатели од точка 3.2, како и податоците од точката за структура на активата пондерирана според ризиците, прикажана според одделните ризици и износ на капиталот потребен за покривање на соодветниот ризик, утврдени во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот;
Банката ги објавува податоците на квартална основа со состојба на 31 март и 30 септемвринајдоцна до 31 мај , односно до 30 окотмври.

На годишна основа да ги објавува сите останати извештаи и податоци.

Податоците коишто банката ги објавува на годишна основа се врз основа на годишните финансиски извештаи ревидирани од друштвото за ревизија.

Податоците и информациите кои согласно Политиката за сигурност на информативниот систем и Правилникот за класификација на информацијата на УНИБанка АД Скопје, во Информативната книга се класифицирани како строго доверливи и доверливи, нема да бидат објавувани на интернет страната на Банката.

Строго доверливи се сите информации кои доколку станат неавторизирано достапни ќе предизвикаат правна или финансиска, вистинска или потенцијална штета за Банката.

Доверливи се сите информации кои не треба да се дистрибуираат слободно.

Податоците и информациите кои се содржат во ревидираните годишни извештаи за работењето наБанката или се дел од објавени податоци на барање на Македонска берза или друга институција, Банката дополнително нема да ги објавува на својата интернетстрана, туку во соодветниот образец, ја наведува интернет-врската каде што се објавени овие податоци.

Податоците и информациите кои не се материјални,Банката нема да ги објавува.

Податоците и информациите кои имаат третман на сопствени податоци нема да бидат објавувани на интернет страната на Банката.
Податоците наведени во точката 40 на Одлуката, Банката не смее да ги смета овие податоци и информации како нематеријални, сопствени или доверливи податоци.
Банката е должна да ја извести Народната банка за податоците кои ги смета како нематеријални, сопствени или доверливи податоци во рок од 15 дена пред рокот за датумот на објавувањето на податоците.

## 5 КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ПРИ ПРОЦЕСОТ НА ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

Начинот на објавување на податоците и извештаите на интернет страната на УНИБанка, односно процесот на иницирање на барање за промена на податоци на интернет страната, неговата реализација и контрола се детално опишани во *Процедурата за управување со интернет страна на УНИБанка АД Скопје и Работна инструкција начин на пополнување и изработка на извештаите и обрасците пропишани со одлуката за објавување извештаи и податоци од страна на банките*.

## 6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Политиката е предмет најмалку на годишно ревидирање од страна на Надзорниот и Управниот одбор на Банката, поради промени во регулаторната рамка, деловното опкружување и интерните акти на Банката.

Оваа Политика стапува на сила со денот на усвојување од страна на Надзорниот одбор на Банката.